**ДИЗАЈН НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА**

Моден дизајн е применета уметност на дизајн и естетика или природна убавина на облеката и модните додатоци. Модниот дизајн е под влијание на културата и општествевиот однос и бил разновиден во однос на времето и местото. Модните креатори работат на многу начини при дизајнирањето на облека и модни додатоци. Некои работат сами, а некои како дел од тим. Модните креатори се обидуваат да ги задоволат желбите на потрошувачите за естетското дизајнирање на облеката, па поради потребното време да ја донесат облеката на пазарот, понекогаш од потрошувачите може да се очекува да го сменат вкусот за облека. Всушност, некои модни дизајнери имаат углед кој им овозмозува да воведуваат нови модни трендови.



Модните креатори се обидуваат да дизајнираат облека која е едноставна и естетски привлечна. Мора да имаат предвид кој ќе ја носи облеката и пригодата во која ќе се носи таа облеќа. Модните креатори имаат широк избор икомбинации на матерјали] со кои работат и широк избор

на бои,модели и стилови. Сепак, дел од секојдневната облека нема голем избор на вообичаени стилови.

Обично се бара несекојдневна облека за специјални пригоди како, на пример вечерна облека или облека за забави. Дел од облеките се прави специјално за одредени личности како што е случај со високата мода или конфекциската облека. Денес, голем дел од облеката е креирана за масовниот пазар, особено неформалната и секојдневната облека.

Дизајнирање на облека

Модните креатори   кои имаат "име" како Келвин Клајн, Гучи или Шанел работат на различни начини. Некои прават скици на хартија, додека други прават дипли на ткаенината во форма на облека. Кога дизајнерот е целосно задоволен од изгледот на штофот (или муслин), тој / таа се консултира со професионален изработувач на шеми кој ја привршува работната верзија на дизајнот. Работата на изработувачот на шеми е многу прецизна и макотрпна. Изгледот на готовата облека зависи од прецизната изработка. На крај, примерокот од облеката се крои и се испробува на модел.





Историја

Се смета дека модниот дизајн започнал во 19 век со Чарлс Фредерик Ворт кој бил првиот дизајнер со своја сопствена етикета сошиена на облеката што ја креирал. Пред поранешниот трговец со текстил да ја основа неговата maison couture ( модна куќа ) во Париз, дизајнирањето и креирањето на облека било обработувано од голем број на напознати шивачки. Високата мода потекнувала од онаа облека што била носена во кралските судови. Со успехот кој го постигнал Ворт, тој имал способност да им диктира на своите потрошувачи што да носат, наместо да го следат сопствениот пример како што претходно правеле изработувачите на облека. Поимот couturier ( моден креатор ) всушност бил првиот поим кој ги опишувал дизајнерите. Само облеката што била направена после 1858 година може да се смета како моден дизајн, додека сите делови од облеката од друг период се проучувани од експертите како носии. Во текот на 1858 година многу модни куќи почнале да најмуваат уметници за да ги скицираат и бојат дизајните на облеката. Цртежите биле покажувани на клиентите, што било многу поевтино отколку да се произведе вистинска облека во работилница. Доколку на клиентот му се допадне дизајнот, дизајнерите го подготвувале и на тој начин модната куќа заработувала од облеката. Од овде произлегува традицијата на дизајнерите да прават скица на облеката, наместо да прикажуваат готова облека на модели на своите купувачи, и како разултат на тоа започнала економијата во модата.

Области на модниот дизајн

Постојат редовни купувачи и е добро познато во трговијата и во јавноста) може да одлучи да се развие во нова област. Доколку фирмата создаде име на облека што веќе се произведува, се овозможува поголема продажба на новата линија. Најбезбедно за компанијата е да се развива во област слична на онаа што веќе ја знае. На пример, дизајнер на спортска облека за жени може да го развие производството во спортска облека за мажи.

Во табелата долу се се прикажани областите во кои дизајнерите сакаат да се усовршат.

| **област** | **упатство** | **пазар** |
|---|---|---|
| Дневна облека за жени | Прақтична, удобна, модерна | Висока мода, конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Вечерна облеқа за жени | Гламурозна, префинета, соодветна за пригодата | Висока мода, конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Долна женсқа облеқа | Гламурозна ,удобна, лесна за перење | Висока мода, конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Дневна облека за мажи | НеФормална, прақтична, удобна | Қројачки занает, конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Облеқа за деца | Тренди или модерна, прақтична, лесна за перење, едноставна | конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Облеқа за девојқи | Убава, живописна, практична, лесна за перење, евтина | конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Облеқа за тинејџери | Живописна, удобна, гламурозна, убава | конфеқцисқа облека, масовєн пазар |

| | | |
|---|---|---|
| Спортска облека | Удобна,практична, лесна за перење,едноставна | конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Триқотажа | Нослива и қолоритна за сезоната | конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Сеқојдневна облека | Модерна, топла,нослива и қолоритна за сезоната | конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Невестинсқа облека | Раскошна, гламурозна, қласична | Висока мода, конфеқцисқа облека, масовєн пазар |
| Додатоци | Впечатливи, модерни | Висока мода, конфеқцисқа облека, масовєн пазар |









ALL SEASONS
VENUM









Модна индустрија во светот

Денес модата претставува глобална индустрија и повеќето големи држави имаат модна индустрија. Некои земји се големи центри за производство, меѓу кои се Кина, Јужна Кореја, Шпанија, Германија, Бразил и Индија. Пет држави имаат создадено меѓународно име во областа на модата, тоа се Франција, Италија, Обединетото Кралство, Соединетите Американски Држави и Јапонија.







Задачи

Ученици, овој пат ќе ви зададам три задачи што треба да се изработат во овие три недели (секоја недела по една задача ☺ )

1. задача: Убаво осмислете и креирајте спортска облека (тренерки, дуксери, фитнес облека, дресови и сл). Обрнете внимание на бојата, шарата, моделот и се што би направило една креација да биде примамлива за потрошувачот.

2. задача: Дизајнирајте дезен (шара) за постелина, пешкир, тепих, завеса за детска соба, ѕидни тапети, мебел штоф, материјал за изработка на машка, женска, детска конфекција и сл.

3. задача: Ставете се во улога на страствени навивачи ☺ ☺ ☺ и земете едно парче стар бел чаршав или стара бела маица и изработете навивачка маица или марама. Обојте ја со темперни, фломастери, масни бои, со спрееви или било што имате (да не ве ставам во трошок ☺ ) . Кога ќе ја завршите задачата, облечете ја маицата или ставете ја марамата на глава и задолжително сликајте се да видам колку сте убави.

Најважно од се е да бидете здрави и среќни и сигурна сум дека ќе бидете исполнителни и задачите успешно ќе ги реализирате.

☺ Само да знатете колку сум нестрплива ☺